





**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

**6 - 12 февруари 2023 Билтен бр. 512**

# КАРПОШ ЌЕ ГИ НАГРАДИ УЧИЛИШТАТА КОИ ИМААТ НАЈДОБРО УРЕДЕН ЕКО-ДВОР

Советот на Општина Карпош го одржа продолжението на дваесеттата седница, откако првиот дел беше реализиран пред точно една недела (30.01.2023), каде беа разгледувани 15 точки од вкупно 36. По куса дискусија, едногласно беше усвоена Одлуката за збратимување на Општина Карпош со Општина Л-Исла (Малта), откако пред две седмици градоначалниците Јакимовски и Пулис го потпишаа официјалниот меморандум за збратимување.

Со одлука на Советот беше поддржан предлогот за организирање на продолжен престој за четвртоодделенците од основните училишта на територија на локалната самоуправа. Имено, со оваа Одлука се дава согласност за обезбедување на финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош за 2023 година, за ангажирање на одделенски наставници, за реализирање на настава со физичко присуство со продолжен престој за ученици од четврто одделение, кои во претходните учебни години следеле настава во продолжен престој.

Советниците го изгласаа и предлог-решението за формирање на Комисија за избор на награди за најдобро уреден еко-училишен двор за 2023 година. Оттука, наградените училишта ќе добијат финансиски средства во висина од 70.000 денари за прво место и 50.000 денари за второ.



На седницата беа разгледани заклучоците и потоа усвоени Извештаите за реализираните Програми за активностите на Општина Карпош, поточно на Секторите и Одделенијата кои функционираат во рамки на локалната самоуправа.

Со истата динамика беше усвоена и Предлог-Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општината во областа на образованието за 2023 година. Поконкретно, се дополнуваат проектните активности со додавање на новата 16. точка, со која се ослободуваат учениците (деца на бранители), од плаќање на месечен надоместок за ужинка/топол оброк. Станува збор за основците (деца на бранители), кои учат во општинските училишта на територија на општина Карпош. Следствено на ова, Секторот за дејности од јавен интерес ќе ја достави оваа Одлука до општинските основни училишта во Карпош, со цел истата да биде реализирана преку училишните одбори. Училиштата пак, треба да достават до локалната самоуправа и до правните лица кои го подготвуваат топлиот оброк/ужинка, – список на ученици чии родители се бранители. Потоа, правните лица ќе изработат месечни фактури кон Општина Карпош за реализираните топли оброци/ужинки. За оваа намена, локалната самоуправа од Карпош во рамки на својот Буџет предвиде финансиска рамка во висина од 200.000 денари.

Советот даде „зелено светло“ за формирање на Комисијата која ќе ја изработи Програмата за работата на Советот на Општина Карпош за 2023 година. Со мнозинство гласови, советниците ги усвоија предлозите за именување на членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2023 и уметничко творештво, како и на членовите на Комисијата за стипендии за талентирани спортисти – ученици во осмо и деветто одделение, еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Карпош. Исто така, беше усвоено Решението за формирање на Комисија за реализирање на програмските активности на локалната самоуправа од областа на образованието за 2023 година. Членовите на оваа Комисија ќе расправаат за проектните активности какви што се, доделување на стипендии за талентирани ученици од основните училишта во Карпош како и на еднократна финансиска поддршка од областа на образованието, финансиска поддршка на образовни проекти, избор на најдобра литературна творба, хорски натпревар меѓу училиштата и одбележување на годишнината од формирање на Општина Карпош со манифестацијата „Карпош има талент“.

По претходна дебата, советниците ја усвоија и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Карпош за 2023 година. Покрај просторниот опфат и предмет, Програмата содржи општи и конкретни цели по населени места, урбани блокови и локалитети.



Притоа, елаборирана е маркетинг стратегијата за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма, вклучувајќи ја тука и динамиката за нејзината реализација. Направена е стручна проценка на финансиските приливи по однос на реализација (приходна страна), како и проценка на потребните финансиски средства (расходна страна на Програмата). Овој документ содржи и табеларен преглед на градежни парцели за оттуѓување по пат на јавно наддавање за тековнава 2023 година. Конкретно, станува збор за градежни парцели на локалитетот кај Касарната „Илинден“ кои се опфатени со Деталниот урбанистички план за Градска четврт ССИ 03, блок 4.

Стручните служби од локалната самоуправа детално го образложија Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош, за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1. јануари до 31. декември 2022 година. Во овој финансиски документ се прикажани вкупните планирани приходи со Буџетот за 2022 година во износ од 1.185.878.000 денари, како и реализираните приходи за четвртиот квартал во износ од 1.096.045.029 денари. Во Буџетот на Општината приходите се планирани во износ од 600.396.000 денари, додека пак остварената реализација на приходите за третиот квартал изнесува 569.809.475 денари. По презентацијата, Советот на Општина Карпош го усвои предложениот Квартален извештај за извршување на Општинскиот Буџет за 2022 година за четвртиот квартал.

# ОПШТИНА КАРПОШ ЌЕ ДОДЕЛИ ФИНАНСИСКА ПОМОШ НА НАСТРАДАНИТЕ ВО КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС, ЈАКИМОВСКИ ПОВИКА ДА СЕ ОТСТРАНАТ САНКЦИИТЕ ЗА ХУМАНИТАРНА ПОМОШ КОН СИРИЈА

Советот на Општина Карпош едногласно донесе одлука да се доделат финансиски средства од по 500.000 денари за двете настрадани држави. Покрај тоа, сите советници одлучија да издвојат по 10% од својот паушал, како и градоначалникот од својата плата.
Овие одлуки беа донесени на вонредната седница свикана на барање на советничката група Левица, едногласно поддржана од сите советнички групи, со цел да се испрати помош на настраданите во Република Турција и Арапската Република Сирија. Во исто време солидарност покажаа и вработените во општина Карпош, кои што ќе издвојат дел од својата плата.

– Овие средства ќе бидат уплатени на посебна жиро сметка за солидарен фонд и во исто време ги повикуваме и правиме иницијатива до сите физички и правни лица на територија на општина Карпош да донираат средства на оваа отворена сметка се со цел да помогнеме на настраданите од катастрофалниот земјотрес во Турција и во Сирија, изјави градоначалникот Стевчо Јакимовски по завршувањето на вонредната седница.

Јакимовски потенцираше дека Карпош е подигнат од светската солидарност по катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година и во исто време упати апел до светските лидери да се отстрани блокадата за хуманитарна помош кон Сирија за да може да се испрати помош до настраданите.

–Карпош не заборава дека е подигнат и се развивал на светската солидарност во кој што сите бараки и сите руски згради, поликлиниката Букурешт, и други објекти се изградени од средствата на светската солидарност. Во исто време сакам да упатам апел до сите земји во светот да се тргне блокадата за хуманитарна помош кон Арапската Република Сирија. Режимот во Сирија е едно, страдањата и маките на граѓаните, на дечињата во Сирија се нешто сосема друго. Треба да бидат изземени од санкциите. Инсистираме да се овозможи оваа хуманитарна помош и за Арапската Република Сирија затоа што во вакви катастрофални состојби светската солидарност треба да биде на висина. Само да потсетам, кога беше земјотресот во Скопје, многу средства тогаш пристигнаа од западниот капиталистички свет иако Југославија тогаш беше социјалистичка држава и знаете како постоеше поделба по тој основ. Аналогно на тоа, исто така сметаме дека средства треба да се упатуваат и за настраданите во Арапската Република Сирија, нагласи Јакимовски.



# ОПШТИНА КАРПОШ ИЗДВОИ ЕДЕН МИЛИОН ДЕНАРИ ЗА ТУРЦИЈА И СИРИЈА

На 10ти февруари во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје, се одржа дваесет и првата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош. На барање на советник од советничката група од Левица, останатите советнички групи го прифатија барањето и едногласно ја изгласаа предлог одлуката за обезбедување средства од Буџетот на име солидарна помош во жирални давања за настраданите подрачја во катастрофалниот земјотрес.

Општина Карпош ќе додели финансиски средства во висина од по 500.000 денари за двете настрадани држави. Советниците од Општина Карпош, за таа цел, ќе одвојат по 10% од својот паушал како и градоначалникот од својата плата. Голема солидарност ќе покажат и вработените од администрацијата, кои ќе одвојат по најмалку 1% од својата плата. Овие средства ќе бидат уплатени на посебна сметка за солидарен фонд.

Со одлука на Советот, беше поддржана предлог-програмата за изменување и дополнување за активностите во областа на образованието, како и предлог-програмата за изменување и дополнување за активностите од областа на детската ,социјалната и здравствената заштита.

На седницата едногласно беа изгласани и предлог решенијата за формирање комисија за реализирање на активностите во областа на образованието, верификација на членовите во комисиите за  Карпошово културно лето и конкурс за поддршка на проекти од областа на културата, како и верификација на членови за формирање комисија за стипендии за талентирани спортисти, од осмо и деветто одделение.



## ВИКЕНД ШАХОВСКИ ТУРНИР ВО КАРПОШ

Во организација на шаховскиот клуб "Гамбит Асеко", а со финансиска поддршка од Општина Карпош, денеска по деветти пат се одржа викенд шаховски турнир Карпош, во просториите на хотелот "Story,,. На оваа спортска манифестација, пријавени се околу 160 учесници од неколку држави, Грција, Бугарија, Македонија, Србија и Косово, кои ќе си ги одмерат силите во целодневното натпреварување.





Градоначалникот на Општина Карпош, се заблагодари на присутноста на учесниците и им посака среќа.

Општина Карпош и јас препознавме во шахот вистински ентузијасти, вистински ас-кети. Сакам да ви кажам дека и натаму ќе имате поддршка од Општина Карпош, драго ми е што најпрво од 40-ина шахисти, денеска ми изгледа овде претесно да ги собере сите пријавени. Многу ме радува што гледам дечиња, и момчиња и девојчиња, тоа кажува дека шахот има иднина во Македонија. Искрено се надевам дека за десет и повеќе години, ќе имаме познато шаховско име кое ќе не прослави и надвор од границите на државата. Оваа година немаме сила да го подготвуваме Карпош Опен, но ви ветувам дека догодина тоа ќе се случи, и ќе ги поддржиме овие млади шахисти кои одбрале вистинска игра, забава и спорт со кои ќе се развиваат и ќе ги истакнат своите способности. Морам да кажам дека од она што сум читал од науката, меѓу шахистите нема адолесценти, сите се еднакви, бидејќи, подготвени се да се справат со она што ги чека. Затоа ќе ги поддржуваме нашите млади шахисти, заедно со Гамбит Асеко и ги повикуваме да се пријавуваат во што поголем број.

На вечерното доделување на наградите за најдобрите, членови од шаховската Федерација на Македонија, ќе му доделат плакета на прviот човек на Општината, за успешна соработка и придонес во развојот на македонскиот шах, како спорт кој е малку заборавен од останатите општини, а Карпош е секогаш подготвен за афирмација на истиот.

Турнирот се игра во девет кола, по Швајцарски систем според правилата на ФИДЕ за забрзан шах. Темпото на игра е 15 минути по играч, со пет секунди додавање за секој одигран потег.

# НИКОЛА НИКОЛОВСКИ-ШАХОВСКИ АС НА ВИКЕНД ТУРНИРОТ ВО КАРПОШ






Интернационалниот мајстор Никола Николовски е победник на овогодинешното издание на викенд шаховскиот турнир. Тој освои осум поени од девет одиграни партии и го потврди шампионското место. Со ист број поени, но со послаб Бухолц, на второ место се пласираше ВМ Кирил Георгиев.

Третото место го освои Љубомир Данов од Бугарија со 7,5 поени. Во рамки на деветтото издание на викенд шаховскиот турнир градоначалникот Стевчо Јакимовски го додели пехарот на победникот на Викенд турнирот, а Шаховската федерација му врачи благодарница на првиот човек на Општината за успешна соработка и придонес во развојот на македонскиот шах. Беше доделена и постхумна благодарница на Лазо Јанчев, за посебен придонес во развојот на шахот во Република Северна Македонија, а која ја прими неговата сопруга. Имено, парични награди добија и натпреварувачите рангирани од четврто до десетто место: 4. ФМ Уручи Ендрит од Косово 7,5 поени 5. ВМ Петар Дренчев од Бугарија 7 поени 6. ВМ Мирослав Миљковиќ од Србија 7 поени 7. ФМ Андреј Вељаноски 7 поени 8. Драгољуб Јачимовиќ 7 поени 9. ИМ Ндерим Сарачи од Косово 6,5 поени 10. Кораб Сарачи од Косово 6,5 поени. Специјални награди беа доделени на Крастева Белослава од Бугарија со освоени 6,5 поени за „Најдобар женски натпреварувач“, како и на Златков Антон со освоени 6,5 поени за „Најдобар млад натпреварувач во категорија до 18 години“. Кралевски Александар со освоени 6,5 поени е избран за „Најдобар натпреварувач во сениорска конкуренција над 65 години“, Куков Тоде со освоени 6,5 поени за „Најдобар натпреварувач во категорија со рејтинг до 2100 поени“, Жежовска Моника со освоени 6 поени за „Најдобар натпреварувач во категорија со рејтинг до 1900 поени“ и Ристески Емил со освоени 6,5 поени за „Најдобар натпреварувач од општина Карпош“.

